# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

***Информирање и собирање податоци од жртви на родово засновано насилство***

***и***

***Мониторинг и препораки за унапредување на локалните политики за поддршка и заштита на жртвите на родово засновано насилство***

НСРР

Проектот **„Со здружени напори – кон нови европски стандарди за заштита на жените од родово базирано насилство“** ***(Coordinated efforts – Toward new European standards in protection of women from gender based violence)*** е **финансиран од Европската унија во рамките на ИПА партнерската програма за граѓанско општество.**

Основна цел на проектот е придонес кон воспоставување на сеопфатни законски решенија и политики за заштита од родово заснованото насилство на Западен Балкан, како услов за постигнување на демократија, исполнување на човековите права, социјално вклучување и прилагодување кон европските вредности. Покрај тоа, проектот е насочен кон јакнење на капацитетите на женските организации и мрежи во 4 земји од Западен Балкан за анализа, следење и застапување во областа на заштита на жените од родово засновано насилство преку долгорочна регионална соработка и учење од искуствата на ЕУ.

**Издавач:**
Сојуз - Национален совет за родова рамноправност

**За издавачот:**
Савка Тодоровска

**Подготвил**:
Наташа Димитровска

**Тираж:**
100 примероци

**Дизајн и печатење:**
Винсент графика, Скопје

**Контакт:**
Национален совет за родова рамноправност
Васил Ѓоргов бб, барака 4, П.Ф. 571, 1000 Скопје
Тел. + 389 2 3134 390
Факс + 389 2 3238 184
е-пошта: sozm@t-home.mk, sozmrc@unet.mk
веб-страница: www.sozm.org.mk

Проектот е финансиран од Европската унија

Извештајот е изработен во рамки на проектот „Со здружени напори – кон нови европски стандарди за заштита на жените од родово базирано насилство“ *(Coordinated efforts – Toward new European standards in protection of women from gender based violence)* финансиран од Европската унија.

Содржината на овој документ е одговорност на авторите и на ниту еден начин не ги одразува ставовите на Европската унија.

# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

***Информирање и собирање податоци од жртви на родово засновано насилство***

***и***

***Мониторинг и препораки за унапредување на локалните политики за поддршка и заштита на жртвите на родово засновано насилство***

Скопје, ноември 2014

# АКТИВНОСТ 3.1.

## ИНФОРМИРАЊЕ НА КОРИСНИЧКИТЕ ЗА НИВНИТЕ ПРАВА: СОБИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ЖЕНИ – ЖРТВИ НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО

Во рамки на проектот **„Со заеднички напори – кон новите европски стандарди во заштита на жените од родово базирано насилство“** беше реализирана активност – собирање информации од жени – жртви на насилство за нивното искуство со јавните служби (Полиција и Центар за социјална работа).

Активноста беше реализирана од страна на локалните партнерски организации во проектот:

- Глас против насилство – Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство
- Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија
- Организација на жени „Визија“ Кавадарци
- Здружение за еднакви можности „Езерка“ Струга
- Организација на жени на Пехчево.

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство и Хелсиншкиот комитет за човекови права на Р. Македонија работат на територијата на град Скопје и територијата на целата држава; Организација на жени „Визија“ работи на територијата на Кавадарци и околината; Здружение за еднакви можности „Езерка“ работи на територијата на Стуга, а во интервјуата биле опфатени жртви од градот Струга и руралните средини: Октиси, Теферич, Лабуништа, Ложани, Драслајца, Мороишта, Враништа, Долна Белица, Радолишта, Мислешево, Бицево, Ново Село и Општина Вевчани; Организација на жени на Пехчево работи на територијата на Пехчево, Берово и околината.

За реализација на активноста беше развиена заедничка методологија која се состоеше од соодветно структурирани прашања за добивање на соодетна слика за насилството кое се пријавувало и искуството на жртвата со институциите кои се одговорни во случаи на домашно насилство. Сите организации долго работат со жртви на домашно насилство и сите испитувачи се искусни во пружање на соодветна помош и поддршка во такви случаи. Прашалникот е во прилог.

Беа интервјуирани вкупно **75 жени** – жртви на насилство, од кои:

- 20 во Скопје,
- 20 во Пехчево,
- 20 во Струга
- и 15 во Кавадарци.

## I дел – Општи информации за пријавата на случајот

Жртвите главно првпат пријавувале насилство и главно насилството се пријавувало лично и преку телефон. Од 75 жени, 13 пријавиле насилство повеќе пати, од кои најзабележителни се случаите во Струга каде една жена пријавила насилство шест пати, 2 жени – пет пати и една жена четири пати.

Некои од жртвите веќе имале пријавувано насилство во институциите, меѓутоа не ја добиле соодветната помош, а сите жртви првпат се јавиле во невладина организација за помош. На сите жртви кои се обратиле во невладините организации им била пружена соодветна психо-социјална поддршка.

## II дел – Општи податоци за лицето – жртва на домашно насилство

Најголем дел од жртвите се на возраст од 25 до 41 година. Во Струга е пријавен и случај на насилство врз една жртва на возраст од 10 до 17 години.



Во однос на етничката припадност, најголем дел од жртвите се Македонки – 51, потоа Ромки – 9, Албанки – 6, Турчинки – 4 и останати – 5. Главно жртви од други националности насилство пријавиле во Струга.

73 од жртвите имаат македонско државјанство, а 3 немаат државјанство, се работи за раселени лица.

Од жртвите 57 се во брак, 11 се разведени, 3 се вдовици, 2 се во вонбрачна заедница и 2 се немажени.

Најголемиот дел од жртвите кои пријавиле насилство во локалните организации кои нудат помош во случаи на домашно насилство и други видови на насилство, се со средно образование – 39, 17 се со основно образование, 5 се со високо образование, 9 немаат образование, а 2 се студентки.




Во однос на работниот статус, 42 се невработени, 24 се вработени, 2 се волонтерки, а останатите се самовработени, корисднички на социјална помош или сѐ уште се во тек на образование.

8 од жртвите немаат деца, а сите останати имаат, од кои најголем дел имаат 2 деца – 29, едно дете имаат 17 од жртвите, а три деца имале 16 од жртвите. Во еден случај во Пехчево жртвата имала 6 деца.

III дел – Податоци за извршеното насилство

Во однос на бројот на извршители на насилството, во 57 случаи има еден извршител, во 10 случаи има двајца извршители, во 7 случаи има тројца извршители и во еден случај има 4 извршители.

Најчесто насилството го извршувал сопругот или бившиот сопруг (во 48 од случаите), потоа како вршител на насилството се јавува свекорот (во 12 случаи), по што следат свекрвата, синот, снаата и други како извршители на насилството.

Најчест вид на пријавувано насилство е емоционалната злоупотреба – во сите случаи жртвите изјавиле дека го трпеле овој вид на насилство. Второ по застапеност е физичкото насилство – 61 од жртвите изјавиле дека трпеле физичко насилство, покрај психичко и емоционално, а 4 од нив кажале дека имале телесни повреди. Сексуално малтретирање имало во 20 случаи, додека материјално искористување, како одземање пари и слично, пријавиле 15 жени. 12 жртви изјавиле дека трпат закани за бркање од домот, убиство, одземање деца, сместување во душевна болница и слично.

Во однос на причини за насилството, најчеста е злоупотреба на моќ – во 65 случаи. Љубомората и генерациското пренесување на начинот на однесување се втори по застапеност како причини за насилство, се јавуваат во 27 и 23 случаи. Зависностите од алкохол и дрога се застапени во 21 од случаите. Останати причини наведени од жртвите се економска зависност, нерешени имотно-правни односи, нарушено психичко здравје на сторителот, нарушени односи меѓу членовите на семејството, сите со помалку од 10 пријави од страна на жртвите.

Во сите случаи е побарана и добиена услуга од невладина организација, која опфаќа разговор за поддршка, информативен разговор, бесплатна правна помош, психолошко-социјална поддршка.

На сите жртви им е обезбедена иницијална психо-социјална помош и поддршка и потоа се упатени во соодветно советувалиште. Голем дел од жртвите се упатени во Центар за бесплатна правна помош и во Меѓуопштински центар за социјална работа.

Од жртвите кои побарале бесплатна правна помош истата била добиена во вид на правно советување, а во 5 случаи и во вид на правен поднесок и тоа тужба, жалба, кривична пријава.

## IV дел - Искуство со институции при последно пријавување на насилство – Полиција

Во делот за искуството на жртвите од постапувањето на Полицијата во случаите на домашно насилство, во најголемиот број случаи полицијата не ги информирала жртвите за достапните услуги за жртви на семејно насилство, за мерките кои полицијата може да ги преземе против сторителот, за организациите кои можат да пружат помош во случаи на семејно насилство. Исто така, во најголемиот број на случаи полициските службеници не напишале прекршочна пријава, а во ниту еден случај кривична пријава. Неколку од жртвите биле информирани дека доколку се покрене прекршочна постапка ќе треба да се плати висока парична казна.

Многу од жртвите не го пријавуват случајот во полиција поради недоверба за тајноста на пријавувањето, страв од насилникот, блискост на полицијата со насилникот. Има случаи каде насилникот е припадник на полицијата, со што уште повеќе се отежнува пристапот на жртвата до полициските служби.

Во најголем број случаи жртвите не биле информирани за достапните бесплатни сервиси каде може да се обратат. Ниедна од жрвите не добила флаер со број или адреса, ниту пак биле упатени на друго место.

Во најголем број од случаите на полициските службеници им требало 1-3 часа за да пристигнат на местото на пријавеното насилство. Тоа е и една од главните причини за незадоволството на жртвите од реакцијата на полициските служби.

Мал број од жртвите биле запознаени со она што полицијата ќе го превземе против сторителот и за нивните права понатаму во постапките. На ниедна од жртвите не ѝ била дадена информација кого можат да контактираат од полицијата во врска со нивниот случај.

Сторителот на насилството бил присутен во неколку случаи, додека во поголемиот број случаи жртвите разговарале на само со полициските службеници. Во сите случаи полициските службеници разговарале љубезно со жртвата, а во еден случај имало обид од полицаецот да го оправда насилството.

Во мал број случаи каде на прашањето околу задоволството од реакцијата на полицијата жртвите одговориле дека се задоволни, полицијата се однесувала професионално, веднаш излегла на терен, информирала за достапните услуги, полициските службеници го однеле сторителот во станица, ја информирале жртвата за нејзината положба во постапките, како и во кои случаи може да се обрати до полицијата.

Во случаите каде жртвите одговориле дека не се задоволни од полицијата не биле преземени никакви други дејствија освен љубезен разговор со жртвата. Има случаи каде полицијата ги убедувала жртвите да се смират со сторителот и да се откажат од прекршочна или кривична пријава, а и случаи каде полициските службеници ја убедувале жртвата да се смири со сторителот.

Има случаи каде жртвите се јавиле само во невладина организација од каде биле информирани за можностите, но од страв од влошување на односите во семејството не сакале да превземат ништо.

Невладината организација „Езерка“ од Струга пријавила дека 2 од жртвите се шетани од ПС Струга до ПС Велешта и обратно, а 2 жртви кажале дека насилникот е усно предупреден, додека 1 жртва изјавила дека нејзиниот случај е прераскажан во селска продавница.

Искуствата на интервјуираните жени покажаа дека полициските службеници делумно постапуваат во согласност со Протоколите за постапување во случаи на семејно насилство. Тоа значи дека недостасува информирање на жртвите за нивните права во постапката и дејствија кои ќе ги превземе полицијата, како и информирање за достапните бесплатни сервиси кои ги обезбедуваат институциите и невладините организации. Насилниците не се третираат како сторители на кривично дело и најчесто случајот се заведува како поплака. Забележително подобрување во постапувањето на полициските службеници е љубезниот и професионален однос при приемот на жртвата.

Најголемиот дел од жртвите ги заокружиле сите понудени предлози како треба да се подобри постапувањето на полицијата со жртвите на семејно насилство, односно дека полицијата треба да дава повеќе информации за случајот, да дава информации за достапната поддршка и правна помош, да постои лице кое е задолжено за работа со овие жени, да бидат посоработливи, да ги водат жените низ процедурата и да покажат разбирање и сочувство.

Сите жртви сметаат дека полицијата треба да дава повеќе информации за достапната поддршка и правна помош, како и постоење на лице кое ќе биде задолжено за работа со овие жени. Сите жртви сметаат дека полицијата треба да биде посоработлива, да ги води жените низ процедурата, да покажат разбирање и сочуство. Голем број од жртвите сметаат дека треба да постојат построги казни за сторителите. Сите жртви сметаат дека полицијата треба да дава повеќе информации за достапната поддршка и правна помош, како и постоење на лице кое ќе биде задолжено за работа со овие

жени. 8 од жртвите сметаат дека полицијата треба да биде посоработлива, да ги води жените низ процедурата, да покажат разбирање и сочуство. 2 од жртвите сметаат дека треба да постојат построги казни за сторителите.

Препораките од жртвите за тоа што полицијата би можела да направи за да го подобри постапувањето со жените се следни: вработување на повеќе жени полицајки, лица за работа само со жени, професионализам и тајност на пријавените случаи, давање на повеќе информации, разбирање за жртвите да не бидат блиски со сторителите, неоправдување на насилството и некористење на непристојни меѓусебни коментари.

V дел - Искуство со институции при последно пријавување на насилство – Центар за социјална работа

**Меѓуопштински центар за социјална работа - Скопје (МЦСР Скопје):** Сите интервјуирани жртви во Скопје случајот го пријавиле во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Скопје. Сите жртви разговарале со стручните лица на само и без страв, а во ниеден случај насилството не е пријавено во полициска станица од страна на стручното лице.

Во најголемиот број на случаи МЦСР Скопје не ги известил жртвите за достапни услуги или сервиси, односно само во 8 случаи ги известил. Во однос на изготвување на планови за заштита на жртвите и заштита на нивните деца одговорите на сите жртви се негативни, односно во ниту еден случај не е изготвен ваков план. Во 3 случаи постоело оправдување на насилството, а во 14 од случаите жртвите навеле дека МЦСР Скопје инсистирал на смирување со сторителот или на заедничко советување со сторителот. Само на 2 жртви им биле споделени информации за бесплатни сервиси кои ги нудат невладините организации. 3 од жртвите изјавиле дека биле поттикнати да ја повлечат пријавата за насилство.

Поголемиот дел од жртвите изјавиле дека односот бил нељубезен, само во неколку случаи жртвите изјавиле дека стручните лица се однесувале љубезно со нив.

Во однос на лишување или делумно лишување од родителски права и отстранување на децата од семејството сите жртви изјавиле дека не се преземени никакви дејствија.

Во однос на задоволството од постапувањето на МЦСР, 5 од жртвите се изјасниле дека се задоволни, 10 не се задоволни и 2 делумно се задоволни. Незадоволството е поради непреземање на никакви дејствија/непостапување и институтирање да се смири жртвата со сторителот, а делумното не/задоволство е поради добриот прием, но непреземање на дејствија против сторителот.

Најголемиот дел од жртвите ги заокружите сите понудени предлози како треба да се подобри постапувањето на МЦСР Скопје со жртвите на семејно насилство, односно дека треба да дава повеќе информации за постапките, да презема постапки за заштита и помош, да бидат посоработливи, да ги водат жените низ процедурата и да покажат разбирање и сочуство.

Во однос на мислењето на жртвите што најмногу би помогнало во решавање на нивниот проблем, најголемиот дел одговориле дека тоа е поддршката од институциите, финансиската поддршка, бесплатната правна помош и застапување од адвокат, брзите судски постапки, психолошка поддршка и следење низ постапките во институциите, како и помош околу вработување. Во 3 од случаите е наведено дека е потребна и помош при грижа околу децата - сместување во градинка, а во 1 од случаите и поддршка од околината.

<u>Заклучок:</u> Според добиените информации од прашалниците, може да се констатира дека жртвите генерално не се задоволни од односот на вработените во МЦСР Скопје поради тоа што не ја добиле очекуваната заштита при пријавувањето на семејното насилство, особено поради фактот дека не

се изработени планови за заштита на жртвата и нејзините деца, не се поведени постапки за делумно или целосно лишување на насилникот од родителските права, а во некои случаи на жртвата ѝ е препорачано да се смири со насилникот или пак да одат на заедничко советување.

Според наодите од интервјуата, протоколите за постапување во случаи на семејно насилство не се почитуваат, односот на вработените стручни лица е непрофесионален и субјективен, и варира индивидуално од случај до случај што никако не е дозволиво во ваква институциија. Жртвите не се информирани за мерките за заштита за кои центарот има овластување, ниту пак за привремените мерки за заштита. Исто така, недоволно се споделуваат информации за бесплатните услуги кои ги нудат невладините организации, туку се инсистира на помирување без да се обезбеди соодветно советување и за жртвата и за сторителот на насилство.

**Меѓуопштинскиот центар за социјална работа – Берово:** 2 од интервјуираните жртви случајот го пријавиле во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Берово, а 8 во подрачната единица Пехчево. Сите жртви разговарале со стручните лица на само и без страв, а во 2 случаи насилството е пријавено во полициска станица од страна на стручното лице. 5 од жртвите биле информирани за овластувањата и постапките на располагање на МЦСР за заштита на жртви на семејно насилство, додека само 2 биле информирани за постапувањето на полицијата. Ниедна од жртвите не била информирана за надлежностите на МЦСР за заштита на децата, а само на 2 жртви им биле дадени информации за бесплатни сервиси кои ги нудат невладините организации. Во ниеден случај не бил изработен план за заштита, ниту пак било дискутирано за следење и реализација на планот. 6 од жртвите изјавиле дека стручните лица се однесувале љубезно со нив, а другите не се изјасниле. Во еден случај постоело оправдување на насилството, додека кај 9 жртви МЦСР

инсистирал на смирување, а во 2 случаи жртвите биле поттикнати да ја повлечат пријавата за насилство. Во однос на лишување или делумно лишување од родителски права и остранување на децата од семејството сите жртви изјавиле дека не се преземени никакви дејствија во тој поглед.

Во однос на задоволството од постапувањето на МЦСР, поголемиот дел од жртвите се незадоволни или делумно задоволни. Незадоволството е поради непревземање на никакви дејствија/непостапување и инститирање да се смири жртвата со сторителот, а делумното не/задоволство е поради добриот прием, но непревземање на дејствија против сторителот.

На последното прашање кое се однесува на помошта која им е потребна за решавање на проблемот, сите интервјуирани жртви сметаат дека им е потребно поддршка од институциите, бесплатна правна помош, психолошка поддршка и следење низ постапките на институциите. 2 од жртвите покрај горенаведеното имаат потреба и од помош при вработување и финансиска поддршка, а 1 поддршка при сместување и помош при грижа околу децата.

**Центар за социјална работа – Струга:** Сите интервјуирани жртви од Струга и околината случајот го пријавиле во ЦСР Струга, а една жртва во ЦСР Охрид. Сите жртви разговарале со стручни лица на само и без страв. Од вкупно 20 интервјуирани жени – жртви на домашно насилство, 9 мислат дека во ЦСР наишле на добар прием и коректно однесување, 3 наишле на непристојно и непрофесионално однесување, 1 на потсмев и префрлање на вина, 3 од жртвите биле упатени на смирување со сторителот, а на 1 сторител му е одземено правото за родителска грижа и жртвата е упатена во соодветна институција во Скопје. Во ниеден случај не бил изработен план за заштита, а стручните лица се однесувале коректно и љубезно.

Сите интервјуирани жртви сметаат дека ЦСР треба да вработува повеќе социјални работници, да се водат жените низ процедурите, да соработуваат со невладините организации и да ги заштитуваат жртвите од насилниците заради нивна безбедност.

По однос на прашањето што најмногу би помогнало за решавање на проблемот, најголем дел од жртвите одговориле дека бараат поддршка од семејството и пријателите, поддршка од институците, разбирање, професионалност и заштита, помал дел од жртвите бараат парична помош за подолг период, бесплатно вдомување, бесплатно застапување од адвокат, психолошка поддршка и следење низ постапки во институциите, помош при вработување и едукација за полесно наоѓање на работа, неколку жртви се изјасниле дека е потребна едукација за надминување на стереотипите и предрасудите кај родители и деца.

Заклучок: Од разговорите со жртвите констатирано е дека често од срам, страв и немање материјални средства тешко го пријавуваат насилството и немаат поддршка поради стереотипи и недоволна поддршка од блиските. Проблем е тоа што општина Струга нема прифатилиште за жртви на насилство и сместување на децата од дисфункционални семејства. Потребно е да се отворат Центри за прифаќање на жртвите, нови работни места за подобрување на социо - економската положба.

**Центар за социјална работа – Кавадарци:** Сите интервјуирани жртви (15) случајот го пријавиле во Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Кавадарци. Сите жртви разговарале со стручните лица на само и без страв, а во 4 случаи насилството е пријавено во полициска станица од страна на стручното лице. 8 од жртвите биле информирани за овластувањата и постапките на располагање на ЦСР за заштита на жртви на домашно насилство, додека само 7 биле информи-

рани за постапувањето на полицијата. 6 од жртвите биле информирани за надлежностите на ЦСР за заштита на децата, а на само 4 жртви им биле дадени информации за бесплатни сервиси кои ги нудат невладините организации. Во ниеден случај не бил изработен план за заштита, ниту пак било дискутирано за следење и реализација на планот. 9 од жртвите изјавиле дека стручните лица се однесувале љубезно со нив, додека останатите 6 изјавиле дека односот бил нељубезен. Во ниеден случај не постоело оправдување на насилството. Во однос на лишување или делумно лишување од родителски права и отстранување на децата од семејството, сите жртви изјавиле дека не се преземени никакви дејствија.

Во однос на задоволството од постапувањето на МЦСР, 7 од жртвите се изјасниле дека се задоволни, 5 не се задоволни и 3 се делумно задоволни. Незадоволството е поради непревземање на никакви дејствија, непостапување и инститирање да се смири жртвата со сторителот, а делумното не/задоволство е поради добриот прием, но непревземање на дејствија против сторителот.

Сите интервјуирани жртви сметаат дека МЦСР треба да превзема постапки за заштита и помош и да ги водат жените низ процедурата, додека 6 од жртвите сметаат дека треба да покажат поголемо разбирање и сочувство, да бидат посоработливи и да даваат повеќе информации за постапката.

На последното прашање кое се однесува на помошта која им е потребна за решавање на проблемот, сите интервјуирани жртви сметаат дека им е потребно поддршка од институциите, бесплатна правна помош, психолошка поддршка и следење низ постапките на институциите. 9 од жртвите покрај горенаведеното имаат потреба и од помош при вработување и финансиска поддршка, а 6 поддршка при сместување и помош при грижа околу децата.

Заклучок: Протоколите за постапување во случаи на семејно насилство не се почитуваат, односот на вработените стручни лица е во голем дел непрофесионален и субјективен, и

варира индивидуално од случај до случај што никако не е дозволиво во ваква институциија. Поголем број од жртвите не се информирани за мерките за заштита за кои Центарот има овластување, ниту пак за привремените мерки за заштита. Исто така недоволно се споделуваат информации за бесплатните услуги кои ги нудат невладините организации.

VI дел – Заклучок

Според мислењата и препораките на жртвите, може да се констатира дека освен љубезноста во постапувањето на институциите, ниту една друга обврска во делот на постапувањето со жртвите не е на задоволително ниво. Ова посебно кога се работи за итна реакција од страна на полицијата, како и од страна на вработените во Центрите за социјална работа. Жртвите не чувствуваат поддршка, ниту пак истрајност во постапувањето на институциите за успешно завршување на нивните постапки. Исто така, од одговорите може да се констатира дека на жртвите не им се даваат доволно информации за постапките кои можат да се поведат или пак ќе се поведат. Од страна на Центрите за социјална работа не се прават планови за заштита на жртвите и нивните деца, а полицијата освен устен разговор со сторителот и во некои случаи повикување во полициска станица не презема други мерки за заштита на жртвите, што е основна причина зошто жртвите се чувстваат незаштитено.

# АКТИВНОСТ 3.3

## АНАЛИЗА НА РАБОТАТА НА ЦЕНТРИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА, ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ И ОПШТИНИТЕ ВО ДЕЛОТ НА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА ОД ДОМАШНО НАСИЛСТВО

Во рамки на проектот **„Со заеднички напори – кон новите европски стандарди во заштита на жените од родово базирано насилство“** беше реализирана и втората активност – анализа на работата на центрите за социјална работа, полициските станици и општините во делот на заштита и превенција од домашно насилство.

Во Р. Македонија постои правен систем за заштита од домашно насилство, составен од два дела - казненоправен и граѓанскоправен систем, кои што меѓусебно не се исклучуваат.

**Казненоправниот систем** на заштита постои од март 2004 година, кога за прв пат беа направени измени со цел казненоправна заштита на жртвите на семејно насилство, кое за прв пат стана предмет на инкриминизација преку инкорпорирање на законски одредби во веќе постоечките кривични дела содржани во овој закон.

Всушност, во Кривичниот законик не постојат посебни кривични дела за семејното насилство, туку се санкционира преку инкриминирање на негови поединечни облици под постоечките кривични дела, за што постојат и повисоки кривични санкции. Во кривичниот законик инкриминирани се и физичкото и психичкото и сексуалното насилство.

**Граѓанскоправен систем за заштита -** привремени мерки за заштита: Преку Законот за семејство е опфатена граѓанскоправната заштита од семејно насилство, со која се предвидени привремени мерки за заштита, чија цел е да овозможат непосредна и брза помош на жртвата.

Привремени мерки за заштита може да се изречат од страна на граѓански суд по предлог на самата жртва или пак по предлог на Центарот за социјални работи. Привремените мерки можат да бидат комбинирани и да опфатат забрана и мерки за однесување.

Во член 94-е од Законот за семејството се наведени мерките за заштита од семејно насилство и тоа:

*1) забрани да се заканува дека ќе стори семејно насилство;*
*2) забрани да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно;*
*3) забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството;*
*4) одреди отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежниот суд;*
*5) забрани да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено;*
*6) го задолжи да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневни-те потреби на семејството;*
*7) изрече задолжително издржување на семејството;*
*8) нареди тужениот да посетува соодветно советувалиште;*
*9) нареди задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување;*
*10) го задолжи да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство и*
*11) изрече која било друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството.*

Согласно Законот за семејството, Центрите за социјална работа имаат важна улога во заштитата на жртвите на семејно насилство. Во член 94-г од Законот за семејството се утврдени надлежностите на Центрите за социјална работа во случаи на семејно насилство. Утврдено е дека секогаш кога Центарот за социјална работа има сознание дека над лице е сторено семејно насилство, сам или на барање на лицето или член на неговото семејство презема мерки на заштита на жртвата на семејно насилство. Центарот за социјална

работа секогаш кога има сознанија дека постои семејно насилство врз малолетно дете или лице со ограничена или одземена деловна способност презема мерки за заштита. Центарот за социјална работа сознанијата ги добива од граѓани, службени и правни лица, кои се должни без одлагање да го известат Центарот за таквите сознанија.

Службеното и правното лице кое во текот на своето работење преземале одредени дејствија при семејното насилство се должни веднаш, а најдоцна во рок од 72 часа од преземањето на дејствијата, службената документација и известувањето за преземените дејствија и друга документација (записник, изјава од сведок, наоди од лекар и друго), да ги достават до надлежниот центар за социјална работа.

Центарот за социјална работа секогаш кога има сознанија дека постои семејно насилство ги презема следниве мерки на заштита:

*1) обезбедува нужно сместување за лицето - жртва на насилството, кое може да трае најмногу шест месеца, со можност за продолжување за уште шест месеца;*
*2) обезбедува соодветна здравствена заштита;*
*3) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман;*
*4) ги упатува во соодветно советувалиште;*
*5) доколку во семејството има дете кое е на редовно школување, помага за продолжување на редовното образование;*
*6) го известува органот за прогон;*
*7) дава секаков вид на правна помош и застапување;*
*8) покренува постапки пред надлежниот суд и презема мерки кои произлегуваат од односите меѓу родители и деца;*
*9) по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита и*
*10) презема други мерки за кои ќе оцени дека се неопходни за решавање на проблемот.*

Здружение на граѓани, регистрирано за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита, само или во соработка со центарот за социјална работа, може да ги преземе мерките на заштита наведени погоре, освен да покренува постапки пред надлежниот суд и презема мерки кои произлегуваат од односите меѓу родители и деца и по потреба поднесува барање до судот за изречување на привремена мерка за заштита. Здружението на граѓани е должно за преземените мерки во рок од 24 часа да го извести центарот за социјална работа, надлежен според местото на живеење на лицето жртва на семејно насилство. Центарот за социјална работа по добивањето на известувањето од ставот 6 на овој член во рок од 24 часа изготвува соодветно решение. Здружението на граѓани е должно во рок од 72 часа од како се преземени мерките за заштита, целокупната документација да ја достави до центарот за социјална работа заради негово натамошно постапување.

# ИНФОРМАЦИИ ОД ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗА УСЛУГИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО – ГРАД СКОПЈЕ

Во рамки на оваа активност, претставнички од локалните партнерски организации во проектот оствариja состаноци со претставници од повеќе општини на територијата на град Скопје со цел дискусија за Програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца за 2012/2013 и вклучување на програми за семејно насилство и други форми на насилство врз жени.

**Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство** во рамките на предвидените активности од проектот оствари шест состаноци со претставници од локалните самоуправи во следните општини: Аеродром, Кисела Вода, Центар, Гази Баба, Сопиште и Шуто Оризари.

**Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија** во анализата на работата и улогата на општините во заштитата и превенцијата на семејното насилство во град Скопје оствари средби со претставници на општините: Карпош, Илинден, Ѓорче Петров, Бутел и Чаир.

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Заклучоци од остварената средба во општина Аеродром:

1. Општината во програмата за социјална и детска заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
2. Општината во својата програма за социјална и детска заштита не ги препознава жените жртви на различни видови на насилство, вклучувајќи го и семејно насилство како посебна ранлива група;

3. Активностите на оваа тема, според присутните се дел од програмата за соработка со здруженија на граѓани и хуманитарни организации, но во истата не се спомнати здруженија на граѓани кои работата во областа на насилство врз жени и семејно насилство, туку само организации кои опфаќаат други проблематики;
4. Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
5. Во Програмата на комисијата за еднакви можности на жените  и мажите вклучена е и соработка со организации на жени, индивидуални експерти или здруженија на граѓани поврзано со проблематиката на насилство врз жени и семејно насилство, но во 2012 и 2013 година не била поддржана ниедна активност во рамките на оваа програма;
6. Комисијата за еднакви можности во 2012 и 2013 организирала по една активност – трибина на тема Семејно насилство за одбележување на меѓународниот ден за борба против насилство врз жени – 25 Ноември;

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Заклучоци кои произлегоа од состанокот во општина Кисела Вода се следниве:

1. Општината во програмата за социјална заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
2. Жртвите на семејно насилство се вклучени во програмата за социјална заштита преку потпрограмите за обезбедување на социјална помош и поддршка, заедно со другите ранливи  групи;
3. Во овие две години не била поддржана ниедна активност на ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

ОПШТИНА ЦЕНТАР

Важно да се напомене е дека програмата за здравствена, социјалната заштита и заштита на деца во оваа општина е под надлежност на секторот за јавни дејности. Не постои посебен сектор за социјална заштита. Од средбата во општина Центар произлегоа следниве заклучоци:

1. Општината Центар во програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
2. Во програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца има активност која предвидува формирање на Локално координативно тело за едукација и превенција од секаков вид на насилство, во кое според претставниците со кои беше разговарано се предвидени и активности за превенција и заштита од различни форми на насилство врз жената вклучувајќи го и семејното насилство;
3. Активностите вклучени во програмата за социјална заштита се дефинирани како општи, не конкретни поединечни активности, и генерално опфаќаат можност за одржување на едукациски работилници во училиштата;
4. Насилството врз девојките и жените, семејно насилство и разни видови на дискриминација се една од приоритетните области во Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите за 2013, но не постојат информации за спроведени активности;
5. Постои точка „заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување“ во програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, иако во минатите две години не била поддршана ниедна организација која работи на проблематиката на насилство врз жени и семејно насилство;
6. Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

Од средбата во општина Гази Баба произлегоа следниве заклучоци:

1. Општината во програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената;
2. Активностите вклучени во програмата за здравство, социјална заштита и заштита на деца се дефинирани како еднократна парична помош, оброци од народна кујна, новогодишни пакетчиња, помош за самохрани родители и слично, и според соговорниците преку овие потпрограми се опфатени и жртвите на семејно насилство;
3. Програмата за проекти од здруженија на граѓани вклучува и финансиска поддршка на Кризен центар „Надеж“, организација која обезбедува директни сервиси за жртви на семејно насилство;

ОПШТИНА СОПИШТЕ

Од состанокот со претставник на Општина Сопиште произлегоа следниве заклучоци:

1. Општина Сопиште досега нема изработена програма за социјална заштита, ниту програма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената. Беше истакнато дека е отворена можноста за соработка при креирање на новата програма планирана за 2015 и додавање на овие точки и потточки во истата;
2. На територијата на Сопиште не се регистрирани граѓански здруженија, затоа не е воспоставена соработка ниту е поддржан проект од оваа проблематика.

ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

Заклучоци кои произлегоа од состанокот со претставник од општина Шуто Оризари се следниве:

1. Општината во програмата за социјална заштита не вклучува потпрограма за превенција и заштита од семејно насилство или други форми на насилство врз жената. Програмата не беше достапна на увид на претставничките од мрежата;
2. Жртвите на семејно насилство, според кажувањата на претставникот од општината се опфатени преку социјалната помош, еднократна парична помош и други типови на помош кои се обезбедуваат за сите ранливи категории на граѓани;
3. Во овие две години не била поддржана ниедна активност од ГОи поврзана со семејно насилство или други форми на насилство врз жената.

ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Од средбата со претставниците од општина Ѓорче Петров произлегоа следниве заклучоци:

1. Општина Ѓорче Петров нема посебно одделение за детска, социјална и здравствена заштита. Наместо одделение или советник, има само Извршител на работи од областа на социјалната заштита, кој е дел од Одделението за јавни дејности и работа на Градоначалникот
2. Општината Ѓорче Петров спроведува неколку проекти, кои се спроведуваат првенствено преку Комисијата за еднакви можности, а се однесуваат на насилството во целост, а не на семејното насилство. Оваа комисија во соработка со МВР и ЦСР имаат отворен ден за едукација за превенција на семејно насилство.
3. Општината Ѓорче Петров нема посебна програма за социјална и детска заштита ниту за превенција од семејно насилство

4. Остваруваат редовна комуникација со ЦСР, но комуникацијата е ограничена на следење на вкупната состојба, без посебен акцент на семејното насилство
5. Раководителот на секторот покажа генерална отвореност за соработка со невладините организации во делот на семејното насилство, пред се на полето на превенцијата, едукацијата и подигањето на јавната свест.

<u>ОПШТИНА БУТЕЛ</u>

Заклучоци кои произлегоа од средбата со општина Бутел се следниве:

1. Општина Бутел нема посебно одделение за детска, социјална и здравствена заштита. Дел од работите од оваа сфера се вршат преку Одделението за јавни дејности, пред сè работите поврзани со развојот на децата на училишната и предучилишната возраст, каде општината најчесто се јавува како посредник во комуникацијата помеѓу релевантните министерства и училиштата, односно забавиштата и градинките.
2. Општината Бутел нема посебни програми, ниту активности во делот на семејното насилство, ниту пак едукација за вработените
3. Раководителката на одделението покажа генерална отвореност за соработка, пед се на полето на превенцијата, едукацијата и подигањето на јавната свест. Истовремено, забележа дека немаат доволно кадар, па евентуалната соработка би требало да биде во согласност со нивните капацитети
4. Остваруваат комуникација со ЦСР, но комуникацијата е ограничена на следење на вкупната состојба, без посебен акцент на семејното насилство
5. Во иднина, општината ја гледа својата улога преку работењето на релевантните комисии, пред се на едукација на јавноста, подигнување на јавната свест и други проекти со слична цел, како и преку координација и соработка со ЦСР, другите општини во град Скопје,

со Градот, др. релевантни државни институции и НВО кои работат во таа област. Исто така, соговорничката истакна дека Општината би можела да придонесе и преку актуелизација на прашањетон за феноменот на семејно насилство

ОПШТИНА ЧАИР

Од средбата со претставниците на општина Чаир произлегоа следниве заклучоци:

1. Во рамките на Општината нема посебно одделение за детска, социјална и здравствена заштита. Оваа проблематика се третира фрагментарно, преку другите комисии (за еднакви можности, за образование, за локален економски развој и сл.).
2. Општината Чаир нема посебни програми, ниту активности во делот на семејното насилство, но семејното насилство како материја било опфатено во повеќе други програми, кои пред се се однесуваат на еднаквите можности и образованието
3. Нема проекти кои се однесуваат посебно на семејното насилство, но таа област била начелно опфатена во проекти кои се однесуваат на мобинг и родова еднаквост, но не беше даден попрецизен одговор како преку овие проекти е опфатено семејното насилство
4. Со ЦСР Чаир редовно комуницираат и бараат извештај за генералната состојба со општината, во која е вклучено и семејното насилство. Исто така, комуницираат и по потреба, случај за случај. Но, ова е исклучок, а не практика. Впечатокот е дека немаат волја, ниту намера да „им се мешаат во работите на ЦСР“.
5. Членовите на различните комисии и сектори имаат посетувано обуки за семејно насилство, но тие се спроведени пред повеќе години. Лично мислење на соговорничката е дека општината треба да биде поангажирана на полето на превенција и едукација за семејното насилство, но не и на полето на третманот на жртвите.

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Од состанокот со претставници на Општина Илинден произлегоа следниве заклучоци:

1. Во рамките на општината Илинден нема посебно одделение за детска, социјална и здравствена заштита, но организирана е социјална канцеларија која опфаќа и дејности од комунална хигиена во општината. Работата на оваа канцеларија не го опфаќа и делот на здравствената заштита. Исто така, постои група составена од лица кои припаѓаат на ранливи категории: постари лица, самохрани мајки (најчесто), невработени, кои се работат во општината во техничките служби.
2. Општината Илинден нема посебни програми, ниту проекти во делот на семејното насилство, но од општината има волја за идни проекти на ова поле. Беше наведено дека имале проект за социјална инклузија на релевантните фактори на локално ниво со МТСП.
3. Досега не соработувале со здруженија на граѓани во делот на семејното насилство.
4. Нема проекти кои се однесуваат посебно на семејното насилство, но таа област била начелно опфатена во проекти кои се однесуваат на мобинг и родова еднаквост, но не беше даден попрецизен одговор како преку овие проекти е опфатено семејното насилство
5. Со ЦСР не соработуваат редовно, особено не во доменот на семејното насилство.
6. Во делот на семејно насилство, беше истакнато дека општина Илинден нема улога, токму поради фактот што семејно насилство постои, но истото не се пријавува поради страв или срам од околината. Соговорникот наведе дека мажите се жртви на семејно насилство исто, а во некои случаи дури и почесто од жените, но и тие најчесто од срам не пријавуваат. Кај мажите-жртви најчесто насилството е психичко и истото не е видливо. Друга причина се моралните стандарди, како и традиционалната околина како фактори кои придонесуваат за ваквата состојба.

ОПШТИНА КАРПОШ

Заклучоци кои произлегоа од состанокот со претставници на општина Карпош се следниве:

1. Во рамките на општината Карпош постои посебно одделение за детска, социјална и здравствена заштита, но нема посебни програми во делот на семејното насилство
2. Во делот на семејно насилство, општина Карпош помага со донирање на средства за жртвите од семејно насилство, донирање на средства за децата кои потекнуваат од семејства каде има семејно насилство за нивно школување, како и организирање на хуманитарни акции за собирање средства за помош на жртвите од семејно насилство, но само за оние кои живеат на подрачјето на општината.

## АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ - СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Иако беше планирано да се одржат состаноци со одговорните за семејно насилство во полициските станици на ниво на општините кои се опфатени со оваа активност, бевме известени дека во истите не се прави статистика на пријавени случаи. Поради тоа беше доставено барање за пристап до информации во Министерството за внатрешни работи. Во одговорот ги добивме следните податоци:

Во 2012 година во **СВР Скопје** биле пријавени вкупно 126 кривично правни настани и тоа според член 130/2 од Кривичниот законик – телесна повреда при вршење семејно насилство 109 случаи, по член 131/2 – тешка телесна повреда при вршење семејно насилство 7 случаи, и по член 144/2 – загрозување на сигурност при вршење семејно насилство 10 случаи.

Според информациите од СВР Скопје, во 2013 година пријавени се 92 кривично правни настани и тоа по член 130/2 – телесна повреда при вршење семејно насилство 72 случаи, по член 131/2 тешка телесна повреда при вршење семејно насилство 13 случаи, и 7 случаи по член 144/2 – загрозување на сигурност при вршење семејно насилство.

Според општини, во општина Центар во 2012 има пријавено 5 кривични настани, а во 2013 има пријавено 9 кривични настани. Во општина Кисела Вода во 2012 има пријавено 12 кривични настани, а во 2013 има 7. Општина Аеродром во 2012 има 22 кривични настани, а во 2013 има 14 пријави. Во општина Гази Баба во 2012 има 33 кривични настани, а во 2013 има 17 интервенции.

| **член** | **130/2** | | **131/2** | | **144/2** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **година** | **2012** | **2013** | **2012** | **2013** | **2012** | **2013** |
| Центар | 5 | 9 | / | / | / | / |
| Б.Пазар | 7 | 6 | / | 1 | 1 | / |
| К.Вода | 10 | 6 | / | 1 | 2 | / |
| Аеродром | 20 | 12 | 1 | / | 1 | 2 |
| Драчево | 7 | 5 | / | / | / | / |
| Карпош | 11 | 10 | 4 | 2 | 2 | / |
| Ѓ.Петров | 7 | 7 | 1 | 2 | / | 2 |
| Г.Баба | 28 | 9 | 1 | 5 | 4 | 3 |

Од приложените податоци може да се констатира дека во 2013 година има помал број на пријавени случаи на семејно насилство, а најмногу пријави има во општините Гази Баба, Аеродром, Карпош и Кисела Вода.

Исто така, од Министерството за внатрешни работи бевме известени дека во 2012 година од страна на Одделението за малолетничка деликвенција поднесени се 15 посебни извештаи, додека во 2013 година поднесени се 25 извештаи. Врз основа на ова, може да се констатира дека Одделението за малолетничка деликвенција поднело поголем број на посебни извештаи во 2013 година од претходната година.

На подрачјето на **ПС од ОН Берово**, во 2012 година, евидентирани се вкупно 102 настани, додека во 2013 година евидентирани се 91 настани.

Во 2012 година, пријавени се 6 кривични дела во кои се содржани елементи на семејно насилство и тоа:
- Евидентирани се три случаи на кривично дело „Телесна повреда“ предвидени во чл.130 ст.2 од КЗ и тоа во два случаи како сторители се јавуваат 2 лица (синови) кои вршеле насилство врз својата мајка со прекумерна употреба на физичка сила и еден случај во кој внук со употреба на физичка сила вршел насилство врз својата баба.

- Регистрирани се и два случаи на кривично дело „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ предвидено во чл.133 ст.1 од КЗ и тоа во еден случај како сторител се јавува 1 лице сопруг, кој со употреба на пиштол го загрозил животот на својата сопруга и на нејзиниот татко и вториот случај каде повторно се јавува сопруг, кој со ладно оружје (нож) ја загрозил сигурноста на неговата сопруга и ќерка ѝ.
- Евидентирано е едно кривично дело „Запуштање и малтретирање на малолетно лице“ предвидено во чл.201 ст.1 од КЗ, каде како сторители се јавуваат и двата родители.

Во 2013 година, пријавени се и евидентирани 4 кривични дела со елементи на семејно насилство и тоа:
- Евидентиран е еден случај на кривично дело „Телесна повреда“ предвидени во чл.130 ст.2 од КЗ и тоа сторителот е лице сопруг кој живеел во вонбрачна заедница со својата невенчана сопруга, и истиот со употреба на тврд предмет (стап) и физичка сила ѝ нанел телесни повреди на својата невенчана сопруга,
- Регистрирани се и три случаи на кривично дело „Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“ предвидено во чл.133 ст.1 од КЗ и тоа во првиот случај како сторител се јавува 1 лице сопруг, кој со употреба на ладно оружје (нож) го загрозил животот на својата сопруга, во вториот случај сопруг, со ладно оружје (нож) ја загрозил сигурноста на својата сопруга и ќерка и третиот случај 1 лице (внук) со прекумерна физичка сила го загрозил животот на својата баба.

Во 2012 поднесени се 34 Барања за поведување на прекршочна постапка и тоа против 30 машки и 6 женски сторители, додека во 2013 година како сторители се јавуваат само машки лица, против кои во 14 пријавени случаи, поднесени се 14 барања за поведување на прекршочна постапка.

До Јавното обвинителство во 2012 и 2013 година не се поднесени извештаи поврзани со семејно насилство.

Во 2012 год. во **ПС Струга** регистрирани се 86 поплаки од граѓаните во врска со семејно насилство, а во 2013 год. регистрирани се 61 поплака од граѓани во врска со семејно насилство.

Во текот на 2012 год од страна на ПС Струга до ОС Струга поднесени се 16 барања против 18 прекршители од кои 17 се од машки пол и 1 е од женски пол, за сторените прекршоци од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир а во врска со семејно насилство. Во 2013 год. од страна на ПС Струга до ОС Струга поднесени се 9 барања против 11 прекршители сите од машки пол, за сторени прекршоци против јавниот ред и мир а во врска со семејно насилство.

# АНАЛИЗА НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

## Ј.У. МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - СКОПЈЕ

Претставнички од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство и Хелсиншки комитет за човекови права оствариja состанок со директорката на Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје, г-ѓа Билјана Јарчевска и раководителката на секторот за социјална инклузија/одделение за семејно насилство, г-ѓа Анета Апчева. Целта на средбата беше прибирање на информации за услугите кои жртвите на семејно насилство ги добиле од центрите за социјална работа, како и споредба на бројот на жртви и сторители во 2012 и 2013 година. Најважните информации од состанокот, а кои се однесуваат на оваа анализа се:

1. МЦСР – Скопје не е во можност да обезбеди годишен извештај за состојбата со жртви и сторители на СН и истиот треба да се бара од Министерството за труд и социјална политика
2. МЦСР – Скопје не води статистика според општини, туку на ниво на град
3. Во однос на услугите кои ги добиваат жртвите на семејно насилство беа наведени: Центар за згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство во Скопје со капацитет од 10 легла; Советувалиште за третман на сторители на семејно насилство (со кое раководи НВО) и Советувалиште за родители и деца, како и правна и психо-социјална помош и поддршка која ја обезбедува стручниот тим во МЦСР-Скопје,
4. Во однос на другите форми на родово базирано насилство беше изјавено дека нема пријави.

5. Меѓуопштинскиот центар за социјална работа одржува состаноци со здруженијата на граѓани кои даваат услуги во делот на семејното насилство
6. Според претставничките на МЦСР, Секторот за семејно насилство има доволно човечки ресурси за работа споредено со пријавените случаи и истиот го сочинуваат 11 вработени и 1 волонтер од кои: 2 правници, 2 педагози, 2 психолози, 5 социјални работници
7. Според претставничките на МЦСР, генерална констатација е дека е подобрена заштитата со семејното насилство, но треба да се работи во делот на превенцијата.

Барање за пристап до информации беше испратено до Министерството за труд и социјална политика и по два месеци не беше добиен одговор. Од таа причина, за анализата на податоците за семејно насилство се искористени извештаи подготвени од Заводот за социјални дејности.

Според податоците од кварталните табели на ЦСР низ Македонија, во 2012 година има пријавено 747 жртви на семејно насилство од кои 47 се деца. Сторители на семејно насилство се вкупно 474. Само кај 22 лица од кои 9 мајки и 13 деца е увидена потребата за обезбедување на сместување во Центар за жртви на СН. Во однос на заштитата од повторно насилство се предложени вкупно 304 привремени мерки за заштита, а изречени 231. Од предложените привремени мерки за заштита најзастапени се: забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство (предложени 96, изречени 65), забрана да манипулира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно (предложени 75, изречени 60) и задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување (предложени 57, изречени 44).

Со оглед на фактот дека ниту од страна на МЦСР на град Скопје, ниту од страна на Министерството за труд и социјална работа не беа добиени одговори по доставените барања за информации од јавен карактер, за подготовката на анализата беа користени податоците од базата на податоци ЛИРИКУС, која претставува изедначена електронска евиденција на корисниците на социјални услуги во Центрите за социјална работа во Република Македонија.

## Ј.У. МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - БЕРОВО

Во текот на 2012 год. ЈУМЦСР Берово има работено со 12 лица кои пријавиле семејно насилство. Сите овие постапки се поведени по нивна пријава во Центарот. Доминантен вид на насилство се и физичко и психичко насилство кое го има во сите случаи, а имало и еден изолиран случај и на економско насилство. По националност 11 од пријавите биле од лица од македонска националност, а 1 од ромска. Од сите пријавени лица вработени биле 4 жени, 5 невработени и 2 пензионери. Имало една малолетна жртва - ученик. МЦСР Берово на суд со предлог на мерки во 2012 год. застапувал едно лице жртва на семејно насилство со предлог: задолжително лекување од алкохол и истиот бил усвоен и извршен. Во сите случаи на семејно насилство во 2012 год. претежно насилници биле сопрузите на жртвите, во еден случај кај старо лице извршител бил внукот, а кај малолетното лице таткото.

Во текот на 2013 год. ЈУМЦСР Берово има работено со 14 лица кои пријавиле семејно насилство. Поголем дел од овие постапки се поведени по нивна пријава во Центарот (12), а само 2 од пријавите дошле со известување на органот за прогон. Доминантен вид на насилство се и физичко и психичко кое го има во сите случаи. По националност 13 од пријавите биле од лица од македонска националност, а 1 од ромска националност. Од сите пријавени лица вработени

биле 4 жени, 9 биле невработени, малолетната жртва била ученик и еден пензионер. По полова структура 12 од пријавите биле од лица од женски пол и една од машки пол. На суд со предлог на мерки во 2013 год. ЈУМЦСР застапувал 4 лица жртви на семејно насилство со предлог: задолжително лекување од алкохол во две постапки и истите биле усвоени и извршени; забрана да се заканува дека ќе изврши насилство две изречени, забрана да се доближува до определено место на кое жртвата престојува почесто предложена една и не е изречена; да се надоместат трошоците сторени во семејно насилство предложена една, а истата не е изречена. Во сите случаи во 2013 год. претежно насилници биле сопрузите на жртвите, во еден од случаите кај старото лице извршител бил синот, а кај малолетното лице таткото.

Во табелите и информациите кои ЈУМЦСР Берово ги изготвува не се води евиденција за лица сведоци на насилство, но во сите случаи каде е утврдено дека децата се сведоци на насилството преку План и програма за работа со корисникот секогаш се предвидуваат интервенции и работа со децата како сведоци и со жртвите.

## Ј.У. МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - СТРУГА

Во периодот од 2012 и 2013 год. евидентирани се 2 случаи на семејно насилство за нерешени имотно правни работи во семејството но двата случаи се без судски епилог. Во едниот случај проблемот е помеѓу браќа и сестра по националниост македонци, а другиот случај помеѓу татко и син по националност Албанци.

Во 2012 год. пред надлежниот Основен суд во Струга, за кривичните дела сторени по основ на семејно насилство предвидени во КЗ, поднесен е обвинителен предлог против едно лице со што е поведена постапка и е донесена обвинителна пресуда. Исто така и во текот на 2013 год. од страна

на Основното Јавно Обвинителство пред надлежниот суд во Струга поднесен е 1 предлог против 1 лица со поведена постапка. Постапката е правосилно извршена за семејно насилство и донесена е осудителна пресуда - Условна осуда со утврдена казна затвор 6 месеци условена за 1 година.

Од разговорите со жртвите констатирано е дека и во нивната околина постои насилство, но жртвите од срам, страв и немање на материјални средства тешко го пријавуваат насилството и немаат поддршка поради стереотипи од своите блиски.

Проблем е тоа што Општина Струга нема прифатилиште за жртви на насилството и сместување на децата од дисфункционалните семејства. Од разговорите со жртвите потребно е да се отворат Центри за прифаќање на жртвите, нови работни места за подобрување на социо-економската положба.

## Ј.У. МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - КАВАДАРЦИ

Во 2012 год. евидентирани се 18 лица жртви од кои 2 машки и 16 женски лица - сите полнолетни.

Во 2013год. евидентирани се 15 лица од кои 2-машки и 13 женски лица - сите полнолетни.

Сите евидентирани лица во 2012 и 2013 година се пријавени како жртви на физичко насилство.

Во 2012 год. кон 15 лица жртви на семејно насилство предложена е мерката психосоцијална интервенција, а за три лица поведена е судска постапка по согласност на лицата жртви и се предложени времени мерки на заштита од семејно насилство.

Во 2013 год. кон 13 лица жртви на семејно насилство предложена е мерката психосоцијална интервенција, за едно

лице  е поведена судска постапка со предлагање на времена мерка на заштита а за едно лице  по предложерната времена мерка постапката е запрена пред судот.

Во 2012 год. изречени се 3 привремени мерки за заштита од семејно насилство кон сторителите а во 2013 година изречена е една мерка.

Во 2012 год. имало 6 сторители, од кои 4 машки и 2 женски сторители, во кои како сторител во 2 случаи се јавуваат снаи, во 1 случај - свекор и во 3-те случаи брачни другари.

Во 2013 год. имало 5 сторители, од кои 4 машки и 1 женско, во кои како сторители се јавуваат 2 лица од брачна заедница, 1 од вонбрачна заедница и 1 лице близок сродник, и во 1 случај како сторител се јавува снаата.

ЈУ МЦСР Кавадарци нема евидентирано деца како сведоци на семејно насилство во 2012 и 2013 година.

ПОДАТОЦИ ОД БАЗАТА ЛИРИКУС

Според податоците од базата ЛИРИКУС за ЦСР низ Македонија, во 2012 година има пријавено 747 жртви на семејно насилство од кои 47 се деца. Сторители на семејно насилство се вкупно 474. Само кај 22 лица од кои 9 мајки и 13 деца е увидена потребата за обезбедување на сместување во Центар за жртви на СН. Во однос на заштитата од повторно насилство, предложени се вкупно 304 привремени мерки за заштита, а изречени 231, од кои најзастапени се: Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство (предложени 96, изречени 65), Забрана да манипулира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно (предложени 75, изречени 60) и Задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување (предложени 57, изречени 44).

Во 2012 година, пријавени се 932 жртви на семејно насилство од кои 765 или 81% се жени и 176 или 19% се мажи, и 405 сторители на семејно насилство од кои 331 или 81.7% се мажи и 74 или 18.3 % се жени на семејното насилство, што го потврдува фактот дека семејното насилство е родово-базирано насилство. Во однос на видовите на семејно насилство најзастапено е емоционалното, потоа економското, сексуалното особено застапено кај возрасни жени, но загрижувачка е бројката од 145 деца жртви на сексуално насилство. На четврто место е физичкото насилство. Според возраста, најпогодени се жените на возраст од 27 до 40 години, и машките деца помали од 15 години. Додека сторителите најчесто се мажи на возраст од 41 – 64 години.

Според податоците од базата Лирикус во првата половина од 2013 пријавени се 402 жртви на семејно насилство, и 174 сторители. МЦСР е еден од центрите каде се забележани најголем број на случаи на семејно насилство. Семејно насилство е родово базиран проблем со застапеност на женската популација на жртви од 81% наспроти машката попу-

лација со 19%. Процентуалната застапеност на сторителите е 81% мажи, и 19% жени. Според видот на насилство, на прво место е емоционалното, на второ економското, потоа сексуалното и на четврто физичкото. Најголемиот број на жртви се во најрепродуктивниот период од својот живот жто во комбинација со невработеноста и економската зависносто од сторителот ги прави вулнерабилни и подложни да трпат насилство и понатаму. Фактот што најголем број од пријавувањата завршуваат со психо-социјална поддршка и давање правен совет за мерките за заштита претставува индикатор дека голем дел од жртвите не се согласуваат за покренување на привремени мерки за заштита пред суд. Бројот на предложени и изречени привремени мерки за заштита не е задоволителен во споредба со бројот на жртвите на семејно насилство. Особено е мал бројот на упатувања за советувалиште и третман на сторители на насилство. Децата жртви на семејно насилство иако во голем број останува-ат во сенка на своите мајки жртви и не го добиваат заслуженото внимание.

Во 2013 во Р.М. функционирале четири засолниште за жртви на семејно насилство и тоа во Скопје, Битола, Кочани и Свети Николе (во овој момент е дискутабилна функционалноста на овие засолништа, особено на тие во Свети Николе и Кочани). Овие се засолништа од републички карактер и во нив може да се сместат мајки и деца жртви на семејно насилство од сите градови во републиката. Ресурси за третман на оваа појава се советувалишта за жртви и за сторители на семејно насилство во надлежност на ЈУ МЦСР Скопје.

## ПРИЛОГ - ПРАШАЛНИК – ИСКУСТВА НА ЖЕНИ ВО СИТУАЦИИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

Реден број на прашалник ______ Датум и место __________

Направен од ______________________________

Општи информации за пријавата на случајот

1) Начин на пријавување:
1. По телефон
2. Со посета во канцеларија (лично од жртвата или од друго лице)
3. По е-маил
4. По пошта
5. Друго_______________________

2) Случајот е пријавен од:
1. Жртвата лично
2. Член на семејството (наведете___________________)
3. Близок пријател
4. Колега/колешка
5. Сосед
6. НВО (наведете_________________________________)
7. Претставник/чка на религиозна заедница
8. Центар за социјална работа _______(да се наведе град)
9. Полиција
10. Здравствена установа
11. Јавна установа (наведете______________________)
12. друго_________________________

3) Дали за прв пат се пријавува насилството?
1. Да 2. Не (наведете по кој пат се пријавува______)

4) Доколку се констатирани претходни случаи на насилство, кои дејствија се преземени?

1. Случајот е пријавен во соодветна институција (наведете која________________________________________)
2. Преземени се следните дејствија:
   а. обезбедено е нужно сместување
   б. обезбедена соодветна здравствена заштита
   в. обезбедена соодветна психо-социјална интервенција и третман
   г. упатен/а во соодветно советувалиште
   д. дадена правна помош
   ѓ. покрената постапка пред суд
   е. поднесено барање за изречување привремена мерка за заштита
   ж. друго (наведете______________________________)

<u>Општи податоци за лице - жртва на домашно насилство:</u>

1. Возраст

☐ 1-9 години ☐ 10-17 години ☐ 18-25 години
☐ 26-33 години ☐ 34-41 години ☐ 41-48 години
☐ 49-56 години ☐ 57-64 години ☐ 65-72 години
☐ 73-80 години ☐ над 80 години

2. Припадност кон етничка заедница

☐ македонска ☐ албанска ☐ турска ☐ ромска
☐ влашка ☐ српска ☐ бошњачка
☐ не се изјасниле ☐ друго (___________) ☐ непознато

3. Државјанство

☐ има ☐ нема ☐ странец со дозвола за постојан престој во РМ
☐ странец без дозвола за постојан престој во РМ

4. Брачен статус

☐ немажена ☐ разведена ☐ мажена ☐ вдовица
☐ вонбрачна заедница

5. Степен на завршено образование

☐ без образование
☐ незавршено образование
☐ основно училиште
☐ специјално основно училиште
☐ средно училиште
☐ специјално средно училиште
☐ висока стручна школа
☐ високо образование
☐ магистратура
☐ докторат

6. Работен статус:

☐ вработена ☐ самовработена (без вработени)
☐ самовработена (со вработени)
☐ невработена ☐ ученик/студент ☐ домаќинка
☐ пензионерка ☐ лице неспособно за работа
☐ друго (_______________) ☐ непознато

7. Деца

☐ да ☐ не
Доколку да, колку деца: ☐1 ☐2 ☐3 ☐4 ☐5 и повеќе

Податоци за извршеното насилство

8. Број на извршители на насилството: _______________

9. Податоци за првите тројца извршители

| | **Однос на сторителот со жртвата** | **Заедница на живеење на жртвата со сторителот** |
|---|---|---|
| **А.** | 1. сопруг<br>2. поранешен сопруг<br>3. вонбрачен партнер<br>4. мајка<br>5. татко<br>6. свекор<br>7. свекрва<br>8. брат<br>9. сестра<br>10. син<br>11. ќерка<br>12 друго_________ | 1. брачна заедница<br>2. вонбрачна заедница<br>3. заедничко семејство<br>4. заедничко домаќинство<br>5. љубовна врска<br>6. не живеат заедно<br>7. друго |

| | | |
|---|---|---|
| **Б.** | 1. сопруг<br>2. поранешен сопруг<br>3. вонбрачен партнер<br>4. мајка<br>5. татко<br>6. свекор<br>7. свекрва<br>8. брат<br>9. сестра<br>10. син<br>11. ќерка<br>12 друго____ | 1. брачна заедница<br>2. вонбрачна заедница<br>3. заедничко семејство<br>4. заедничко домаќинство<br>5. љубовна врска<br>6. не живеат заедно<br>7. друго |
| **В.** | 1. сопруг<br>2. поранешен сопруг<br>3. вонбрачен партнер<br>4. мајка<br>5. татко<br>6. свекор<br>7. свекрва<br>8. брат<br>9. сестра<br>10. син<br>11. ќерка<br>12 друго____ | 1. брачна заедница<br>2. вонбрачна заедница<br>3. заедничко семејство<br>4. заедничко домаќинство<br>5. љубовна врска<br>6. не живеат заедно<br>7. друго |

Вид на манифестирано насилство (можни се повеќе одговори)

10. нанесување телесни повреди:

❒ скршеници
❒ посекотини
❒ убоди
❒ горење
❒ друго ______________

11. физичко малтретирање:

❒ штипење
❒ кубење
❒ шамари
❒ друго ______________

12. емоционална злоупотреба:

- ❐ навредување,
- ❐ омаловажување
- ❐ псуење
- ❐ забрана да носи одреден вид облека
- ❐ забрана да употребува шминка
- ❐ ограничување на комуникација со роднини/пријатели,
- ❐ се заканува со убиство
- ❐ се заканува дека ќе повреди
- ❐ друго _________________

13. сексуална злоупотреба:

- ❐ силување
- ❐ самозадоволување пред жртвата
- ❐ подведување на проституција
- ❐ друго _________________

14. материјално искористување:

- ❐ движен имот
- ❐ недвижен имот
- ❐ одземање на пари
- ❐ друго_________________

15. работно искористување

16. Причини за насилство *(можни се повеќе одговори)*

- ❐ зависност од алкохол
- ❐ зависност/злоупотреба на дрога
- ❐ економска зависност на жртвата
- ❐ љубомора на сторителот
- ❐ прељуба
- ❐ злоупотреба на моќ од страна на сторителот
- ❐ неусогласени карактери на партнерите
- ❐ неусогласени воспитни ставови на родителите кон децата

❒ нарушено психичко здравје на сторителот
❒ нарушено психичко здравје на жртвата
❒ нерешени имотно-правни односи
❒ проституирање на жртвата
❒ нарушени односи меѓу членовите на семејството
❒ генерациски пренесен начин на однесување на стори телот
❒ друго____________________

17. Дали жртвата има добиено БПП во претходни случаи:

❒ Да, од истата организација
❒ Да, од друга установа (која ______________________)
❒ Не

18. Вид на услуга дадена на жртвата:

❒ Разговор за поддршка
❒ Информативен разговор
❒ Интервенција на оператор со надлежни институции (кои ______________________________)
❒ Реализирана средба
❒ Психо-социјална поддршка
❒ Упатени во Центар за бесплатна правна помош (кој______________________________)
❒ Упатени во Центар за ментално здравје (кој______________________________)
❒ Упатени во Центар за зависности (кој______________________________)
❒ Упатени во ЦСР (кој______________________________)
❒ Упатени во полициска станица (која_____________________________)
❒ Упатени во здравствена установа (која_____________________________)
❒ Сместување во транзитна женска куќа (која_____________________________)

❒ Соработка за продолжување на понатамошно образование на децата на жртвата кои се сместени во транзитна куќа
❒ Писмено известување до судот при судски спорови (кој___________________________________)

19. Вид на помош побарана од жртвата:
  1. Правен совет
  2. Правен поднесок:
    а. Тужба
    б. Жалба
    в. Предлог
    г. Молба
    д. Кривична пријава
    ѓ. Друго_______________________________

20. Дали дадената услуга на претходна правна помош е бесплатна за жртвата?
☐ Да ☐ Не (образложете__________________________)

21. Дали е утврдена потребата од застапување?
☐ Да ☐ Не

<u>Искуство со институциите при последното пријавување на насилство</u>

ПОЛИЦИЈА

| **Полициска станица ___________________** | **Да** | **Не** | **Не знам** |
|---|---|---|---|
| При последното пријавување на насилство полициските службеници веднаш излегоа на терен. | | | |
| Со полицискиот службеник разговаравте слободно и без страв, без присуство на сторителот на насилството или во одделен простор. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Полициските службеници ве информираа за достапните услуги (правна помош, психолошка поддршка, лекарска помош, социјални услуги, сместување, услуги на женски организации). | | | |
| Полициските службеници ви дадоа пишана информација (леток) или адреси на организации кои пружаат поддршка и помош за жени жртви на насилство. | | | |
| Полициските службеници не ви дадоа никакви информации туку ве упатија на друго место. | | | |
| Полициските службеници ве информираа за заштитните мерки, постапки и услови за нивно изрекување во прекршочна постапка. | | | |
| Полициските службеници на јасен начин ве запознаа со она што полицијата ќе го превземе против сторителот понатаму (на пр. приведување, траење на задржување и сл.) | | | |
| Полициските службеници на јасен и примерен начин ве информираа за вашата положба и правата понатаму во постапките. | | | |
| Полициските службеници ви дадоа информација кого и на кој начин може да го контактирате во полицијата во врска со вашиот случај. | | | |
| Полициските службеници со вас разговараа љубезно (ве сослушаа до крај) и покажаа разбирање за она што ви се случило. | | | |
| Полициските службеници се однесуваа непрофесионално (го оправдуваа сторителот, го намалуваа насилството, користеа непристојни коментари, се шегуваа на ваша сметка). | | | |
| Полициските службеници се однесуваа нељубезно (не ве сослушаа, грубо разговараа со вас). | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Полициските службеници ја известија службата за итна медицинска помош околу потребата за ваше лекарско згрижување или ве однесоа до некој здравствен дом. | | | |
| Полициските службеници ви рекоа дека во случај на прекршочна постапка казната најверојатно ќе биде парична и прилично висока. | | | |
| Полициските службеници само усно го предупредија сторителот. | | | |
| Полициските службеници го однесоа сторителот во полициска станица. | | | |
| Одредено е полициско задржување на сторителот. | | | |
| Полициските службеници напишаа прекршочна пријава против сторителот. | | | |
| Полициските службеници напишаа прекршочна пријава и на вас и на сторителот. | | | |
| Полициските службеници ве убедуваа да се смирите со сторителот. | | | |
| Полициските службеници ве убедуваа да се откажете од прекршочна или кривична пријава. | | | |

22. Дали сте задоволни со постапувањето на полицијата во конкретниот случај?

1. да 2. не 3. делумно

Доколку да, од што најмногу? ____________________________

Доколку не, од што најмногу? ____________________________

Доколку делумно, што било добро, а што лошо? __________

________________________________________________________

23. Што полицијата би можела да направи за да го подобри постапувањето со жените кои претпреле насилство? (можни се повеќе одговори)

1. да дава повеќе информации за случајот
2. да дава информации за достапната поддршка и правна помош
3. да постои лице кое е задолжено за работа со овие жени
4. да бидат посоработливи
5. да ги водат/следат жените низ процедурата
6. да покажат разбирање и сочувство
7. друго (што) ________________________________

ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

| **Општина/град** ______________________ | **Да** | **Не** | **Не знам** |
|---|---|---|---|
| Со вработените во ЦСР разговаравте слободно и без страв, без присуство на сторителот на насилството. | | | |
| Вработените во ЦСР го пријавија насилството во полиција со ваша согласност и водејќи сметка за вашата безбедност. | | | |
| Вработените во ЦСР ве информираа за овластувањата и постапките на располагање на ЦСР за заштита на жртва на родово базирано насилство. | | | |
| Вработените во ЦСР ве информираа за постапувањето на полицијата и правосудните органи (кривични, прекршочни и парнични постапки) за заштита од насилство. | | | |
| Вработените во ЦСР ве известија за мерките на заштита од насилство и надлежностите на ЦСР во овие постапки. | | | |
| Вработените во ЦСР ве информираа за надлежностите на ЦСР во однос на заштита на децата. | | | |
| Вработените во ЦСР ве информираа за достапните услуги (правна помош, психолошка поддршка, лекарска помош, социјални услуги, сместување, услуги на женски организации). | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЦСР изработи план за ваша заштита и заштита на вашите деца, во соработка со вас и претставниците од другите релевантни служби. | | | |
| ЦСР ве извести како ќе ја следи реализацијата на планот и за можностите на понатамошен контакт во однос на вашиот случај. | | | |
| Вработените во ЦСР со вас разговараа љубезно (пријатно, ве сослушаа до крај) и покажаа разбирање за она што ви се случило. | | | |
| Вработените во ЦСР се однесуваа нељубезно (грубо разговараа со вас, не ве сослушаа до крај). | | | |
| Вработените во ЦСР се однесуваа непрофесионално (го оправдуваа сторителот, го намалуваа насилството, користеа непристојни коментари, се шегуваа на ваша сметка). | | | |
| Вработените во ЦСР инсистираа на смирување или ве упатија на заедничко советување со сторителот. | | | |
| ЦСР ја игнорираше вашата пријава на насилство или ве убедуваа да се откажете од пријавата. | | | |
| ЦСР презеде постапка на развод и доверување на дете како да не сте пријавиле насилство. | | | |
| ЦСР покрена постапка за лишување од родителските права (делумно или целосно) на насилникот. | | | |
| ЦСР покрена постапка за делумно лишување од родителски права кон вас затоа што не сте ги заштитиле децата од насилство. | | | |
| ЦСР покрена постапка за отстранување на детето од семејството заради негова безбедност, а не ви понуди детето да биде сместено со вас. | | | |
| Доколку сте заминале од домот без детето, ЦСР покренал постапка да ви се овозможи детето да биде со вас. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Доколку е утврдено насилство на таткото кон децата, ЦСР одреди модел на средби под контролирани услови. | | | |
| ЦСР инсистираше на слободен модел на средби меѓу децата и таткото иако е утврдено постоење на насилство. | | | |
| ЦСР инсистирал на средби меѓу таткото и децата иако децата покажувале отпор. | | | |

24. Дали сте задоволни со постапувањето на ЦСР во конкретниот случај?

1. да  2. не  3. делумно

Доколку да, од што најмногу? ___________________________
Доколку не, од што најмногу? ___________________________
Доколку делумно, што било добро, а што лошо? _________
________________________________________________

25. Што ЦСР би можел да направи за да го подобри постапувањето со жените кои претпреле насилство? (можни се повеќе одговори)

1. да дава повеќе информации за постапките
2. да презема постапки за заштита и помош
3. да бидат посоработливи
4. да ги водат/следат жените низ процедурата
5. да покажат разбирање и сочувство
6. друго (што) _________________________________

26. Што мислите, што најмногу би помогнало во решавање на вашиот проблем? (можни се повеќе одговори)

1. поддршка од околината (семејство и пријатели)
2. поддршка од институциите (разбирање на проблемот, професионално постапување, заштита)
3. финансиска поддршка
   - еднократка парична помош
   - парична помош за подолг период
   - помош при плаќање на трошоци за домување

4. поддршка при сместување
    - во прифатилиште
    - бесплатно домување
    - друго ______________________________________
5. брзи судски постапки
6. бесплатна правна помош и застапување од адвокат
7. психолошка поддршка и следење низ постапките во институциите
8. помош при грижа околу децата
    - сместување во градинка
    - помош во чување
    - помош во воспитување
    - помош при училишни обврски
    - друго ______________________________________
9. помош при вработување
    - информации за можностите за вработување
    - едукација за полесно наоѓање работа
    - преквалификација
    - вклучување во посебни програми за жени
    - друго ______________________________________
10. друг вид на поддршка кој не е наведен _____________

______________________________________________________

Националниот совет за родова рамноправност (СОЖМ) е национална, мултиетничка и мултигенерациска мрежа, креативно ориентирана кон иднината. Организацијата се стреми кон постигнување на родова еднаквост, развој, заштита на женските, човекови права и мир.

Националниот совет за родова рамноправност е мрежа во која членуваат околу 116 локални женски организации со 80.000 жени од урбани и рурални средини.

НСРР - СОЖМ е формиран во октомври 1994 и израсна во една од најголемите женски мрежи во Република Македонија. Членки се жени од различна возраст, различни по социјално и образовно ниво, етничка припадност и религија. Со своите активности НСРР промовира култура на мир и ненасилство, учествува во политичкото и економското јакнење на жените, се залага за социјално вклучување на жените од руралните средини и маргинализираните групи, учествува во унапредувањето на политиките во областа на родово базираното насилство, и се залага за сѐ она што се подразбира со зборот рамноправност.

Европска унија